# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЈАВНОСТ

Согласно глава „VII.Појаснување, измена и дополнување на тендерската документација" по Јавниот повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, Јавен повик бр.04/2022 за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и Јавен повик бр. 05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, заинтересираните страни имаат право да поставуваат прашања, бараат соодветни појаснувања и измени на тендерската документација. Во рамки на предвидениот рок по спомenатите јавни повици и соодветните тендерски документации, до Владата на Република Северна Македонија по електронска пошта доставени се следните прашања и предлози подредени согласно бројот на јавниот повик и времето на доставување на е-пораките:

**1. Во врска со Јавен повик бр.04/2022 од 25.8.2022 година за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, доставени се следните предлози:**

**Предлог за измена бр.1**

Се бара Став 3 од точка V.4 од тендерската документација кој гласи:
„ договор за користење на основни средства преку кои ја врши дејноста со субјект кој има договор прибележан во имотен лист од Агенција за катастар на недвижности за користење/стопанисување на основните средства."
да гласи:

„договор за користење на основни средства преку кои ја врши дејноста со субјект кој има договор или одлука за трајно користење прибележан/а во имотен лист од Агенција за катастар на недвижности за користење/стопанисување на основните средства."

**Одговор на Комисијата бр 1:**

**Комисијата го одби ова барање, бидејќи во Тендерската документација опфатени се можните случаи за докажување на бараниот услов.**

**Предлог за измена бр.2**
Се бара крајниот рок за поднесување на понудата да биде 13.9.2022 поради потребата од повеќе време за вработување на технички кадар.

**Одговор на Комисијата бр 2:**

**Заради обемноста на целокупната документација која е потребна да се обезбеди со цел доставување понуди по јавните повици, Комисијата одлучи рокот за доставување на понуди да се помести до 13.9.2022 година.**

**Прашање за банкарска гаранција**: „Дали е прифатливо, правното лице - понудувач да достави банкарска гаранција на понудата издадена на содружникот?"

**Одговор на Комисијата бр 3:**
Постапката за избор на вршител на дејност што ќе има обврска за обезбедување на јавна односно универзална услуга се спроведува согласно член 51 став 2 од Законот за енергетика. Во законот за енергетика во член 3 дефиниции, меѓу другото е утврдена дефиниција на „поврзани друштa'' која гласи: „Поврзани друштва се поврзани друштва во согласност со законот за трговски друштва''

Имајќи го предвид претходното , правното лице- понудувач може да достави банкарска гаранција на понудата која ќе се смета за прифатлива  ако е издадена од поврзано друштво во смисла на дефиницијата од Законот за трговски друштва.

**Комисијата смета дека понудувачот може да достави банкарска гаранција во негово име од содружникот.**

**2. Во врска со Јавен повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија и Јавен повик бр.05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување на топлинска енергија од 25.8.2022 година доставени се  следните предлози:**

Се бара крајниот рок за поднесување на понудата да биде 13.9.2022 поради потребата од повеќе време за вработување на технички кадар.

**Одговор на Комисијата бр 4:  Важи одговорот на Комисијата бр 2**

**Прашање за банкарска гаранција**: „Дали е прифатливо, правното лице - понудувач да достави банкарска гаранција на понудата издадена на содружникот?“

**Одговор на Комисијата бр 5: Важи одговорот на Комисијата бр 3**